**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ПП. Бр.09-3/

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на РМ бр.145/10 и 136/11), Комисијата за одлучување по прекршок при ), Комисијата за одлучување по прекршок составена од Чедомир Краљевски- претседател, Благој Чурлинов и Насер Жарку-членови, постапувајќи во постапката поведена по барање на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола застапувано од XXX[1] против Јавно Претпријатие Комуналец Битола застапувано од XXX, заради утврдување на прекршок од член 59 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 14.08.2012 година го донесе следното

## **Р Е Ш Е Н И Е**

1. **Јавното Претпријатие Комуналец Битола,** со седиште на ул.16 бб Битола, XXX, а застапувано од XXX, како претпријатие кое согласно член 10 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата **има доминантна позиција** на пазарот на депонирање на комунален неопасен отпад од територијата на градот Битола и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален неопасен отпад, **бидејќи истото е единствено претпријатие** кое стопанисува со депонијата Мглеци, како единствена депонија на наведениот географски пазар, **во периодот од 12.11.2011 година до 12.12.2011 година сторило злоупотреба на доминантната позиција во смисла на член 11 став (2) точка 6) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што** на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола со седиште на П.П.Његош бр. 131 Битола, како претпријатие кое врши собирање и транспорт на неопасен комунален отпад неоправдано одбил да му овозможи пристап на депонијата Мегленци за соодветен надомест иако без ваквото истовремено користење на депонијата Мегленци, ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола, неможел да дејствува како конкурент на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на градот Битола и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален отпад**, што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. За сторениот прекршок од точка 1 од ова решение, на сторителот на прекршокот, Јавното Претпријатие Комуналец Битола со седиште на ул.16 бб Битола, ЕМБС 4011244 и единствен даночен број 4002979129456, а застапувано од Зоран Соклевски – ВД Директор, **му се изрекува парична казна во износ** 120.000,оо **денари што претставува XXX**% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2011 година како последна деловна

[1] Податокот претставува деловна тајна

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

година, за која Јавното Претпријатие Комуналец Битола има_составена годишна сметка;

3. Паричната казна од точка 2) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на доставување на истото на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[2]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач - НБРМ. Неплатената парична казна или ненавремено платената парична казна, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

На 14.11.2011 година, од страна на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола (во понатамошниот текст: ЕКО КЛУБ) до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) беше доставено барање за поведување прекршочна постапка против Јавното Претпријатие Комуналец Битола (во понатамошниот текст: ЈП Комуналец Битола), заради утврдување на постоење на злоупотреба на доминантната позиција на ЈП Комуналец Битола на пазарот за депонирање на комунален неопасен отпад на депонијата Мегленци, согласно чл. 10 Начело на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08). Во барањето ЕКО КЛУБ тврди дека ЈП Комуналец Битола сторил злоупотреба на својата доминантна позиција на начин што одбил да го продолжи договорот за депонирање на комунален неопасен отпад кој го склучил со ЕКО КЛУБ на 11.11.2010, а со важност до 10.11.2011 година. Според подносителот на барањето ЈП Комуналец Битола, со Допис бр.03-593/2 од 01.11.2011 година го известил ЕКО КЛУБ дека наведениот договор нема да биде продолжен, односно нема да биде склучен нов договор во наредниот зимски период поради проблемите кои ги има ЈП Комуналец Битола околу одржување на самата депонија и третманот со комуналниот отпад во зимски услови. Со тоа ЈП Комуналец Битола го оневозможил ЕКО КЛУБ да пристапи и депонира комунален отпад, собран од правното лице Сокотаб од с. Драгожани, Битола, на Депонијата Мегленци, со која истото стопанисува.

Постапувајќи во рамките на своите законски овластувања во однос на предметното барање за поведување прекршочна постапка, КОП со заклучок бр.

[2] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

09-14/2 од 06.12.2011 година поведе прекршочна постапка против ЈП Комуналец Битола заради утврдување на постоење на доминанта позиција на пазарот за депонирање на комунален неопасен отпад на депонијата Мегленци и евентуална злоупотреба на таквата позиција во смисла на член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот ) што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 2) од Законот. Со заклучокот КОП побара од страна на ЈП Комуналец Битола да бидат доставени следните податоци и објаснувања: Статутот на претпријатието, Појаснување на правниот статус на депонијата Мегленци, начин и услови под кои се овозможува на други правни субјекти да вршат депонирање на комунален отпад во депонијата Мегленци и правни акти со кои истото е регулирано, договори скучени за депонирање кои ЈП Комуналец Битола ги склучил со правни лица во период од 2009 до 2011 година и објаснување со наведување на конкретни причини поради кои ЈП Комуналец Битола одбива да го продолжи договорот склучен со ЕКО КЛУБ Битола на 11.11.2010 година, а со важност до 10.11.2011 година, за депонирање на комунален неопасен отпад.

ЈП Комуналец Битола со Допис бр.09-14/3 од 15.12.2011 година одговори на заклучокот за поведување постапка.

Заради понатамошно правилно и целосно утврдување на фактичката состојба и релевантните факти од значење за одлучување во постапката, КОП, дополнително, со заклучок бр. 09-3/1 од 13.01.2012 година побара од ЈП Комуналец Битола да достави: План и програма за депонирање на отпадот во депонијата Мегленци за 2010 и 2011 година, податоци за тоа кои претпријатија вршеле депонирање на комунален неопасен отпад во депонијата Мегленци во поединечни случаи кога се уништувал отпад со поминат рок или отпад од текстил во присуство на овластени лица и објаснување за начинот и условите под кои се вршело наведеното депонирање, податоци за количините на депониран комунален неопасен отпад во депонијата Мегленци во 2010 и 2011 година, податоци за тоа каде се ЈП Комуналец Битола го депонирал собраниот неопасен комунален отпад во месеците ноември и декември 2011 година, случаите кога било одбиено да се изврши депонирање на комунален неопасен отпад на депонијата, како и причини заради кои не е дозволено депонирањето и примерок од договори склучени за депонирање на комунален неопасен отпад во депонијата во 2010, 2011 и 2012 година.

Со Допис бр. 09-3/2 од 24.01.2012 година ЈП Комуналец Битола одговори на наведениот заклучок.

Дополинтелно КОП со заклучок 09-3/3 од 29.02.2012 година од ЈП Комуналец Битола побара доставување на дополнитени податоци и тоа: Податоци за тоа каде се ЈП Комуналец Битола го депонирал собраниот неопасен отпад во месеците ноември и декември 2011 година; точно дефинирање на временскиот период (од кој до кој датум) во кој динамиката на депонирање на комуналниот отпад била намалена и објаснување за условите и начинот на работа на депонијата во овој период. Имено, ЈП Комуналец Битола, во својот Допис бр.03-33/2 од 23.01.2012 година доставен до Комисијата за одлучување по прекршок, во прилог 4, меѓудругото наведува дека во еден краток период на депонијата се

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

изведувале припремни работи за зимскиот период, а во исто време имало проблем (дефект на мотор ТГ-80) со механизацијата и дека во истиот период динамиката на депонирање на комуналниот отпад била намалена; Правни акти со кои се уредува начинот на работа на депонијата Мегленци во периодот во кој динамиката на депонирање на комуналниот отпад била намалена; Објаснување каде ЈП Комуналец Битола вршел депонирање на комунален отпад во периодот во кој динамиката на депонирање на комуналниот отпад била намалена; Кои субјекти вршеле депонирање на комунален неопасен отпад во периодот во кој динамиката на депонирање на комуналниот отпад била намалена; Дали ЈП Комуналец Битола имало посебен режим на собирање и транспорт на комунален неопасен отпад во периодот во кој динамиката на депонирање на комуналниот отпад била намалена и доколку имало да се доставaт документите со кои истото е уредено и Доставување на договори или други акти склучени со правните лица наведени во Прилог 3, Ваш Допис бр. 03-33/2 од 23.01.2012 година, со кои е уредено депонирањето на комунален неопасен отпад од страна на наведените правни лица на депонијата Мегленци.

Со Допис бр.09-3/4 од 13.03.2012 година ЈП Комуналец Битола одговори на наведениот заклучок.

Дополнително со заклучок бр.09-3/5 од 21.03.2012 година КОП го задолжи ЈП Комуналец Битола да достави: податоци за дневните количини на депониран комунален неопасен отпад во депонијата Мегленци за периодот 10.11.2011 до 12.12.2011 година по одделни субјекти, за секој ден поединечно (вклучително и податоци за ЈП Комуналец Битола) и податоци за случаите кога било одбиено да се изврши депонирање на комунален неопасен отпад во депонијата Мегленци во периодот 10.11.2011 до 12.12.2011 година по одделни субјекти, за секој ден поединечно (вклучително и податоци за ЈП Комуналец Битола).

Со Допис бр 09-3/6 од 02.04.2012 година ЈП Комуналец Битола одговори на наведениот заклучок.

На 24.04.2012 година КОП, согласно член 42 од Законот до ЕКО Клуб и ЈП Комуналец Битола достави прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр. 09-3/7.

Со Допис бр.09-3/8 од 09.05.2012 година ЈП Комуналец Битола достави изјаснување по прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

Со заклучок бр.09-3/9 од 05.06.2012 година КОП го задолжи ЈП Комуналец Битола да достави: извод за тековна состојба од Централен регистар; Биланс на успех за 2010 и 2011година; извод од Централен регистар на Република Македонија; податоци за жиро-сметка, единствен даночен број и банка-депонент на сметка и вкупно остварени приходи од депонирање на комунален неопасен отпад во депонијата Мегленци одделно за 2010 и 2011 година, и одделно колку од нив се остварени од ЕКО КЛУБ во 2010 и 2011 година.

Со Допис 09-3/10 од 13.06.2012 година ЈП Комуналец Битола одговори на наведениот заклучок.

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50** (6 ти **кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Со Допис бр. 09-3/11 од 12.07.2012 година ЈП Комуналец Битола достави дополнителни податоци.

На 18.07.2012 година КОП, согласно член 42 од Законот до ЕКО Клуб ДООЕЛ Битола и ЈП Комуналец Битола достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба бр. 09-3/12.

Врз основа на прибавените докази, КОП ја утврди следната фактичка состојба:

Согласно член 10 став (1) алинеја 1) од Законот, "*едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар, ако како потенцијален продавач или купувач на определен вид стоки и/или улуги нема конкуренти на релевантниот пазар*", при што релевантен пазар на стоки е "*пазар на сите стоки и/или услуги што се сметаат за меѓусебно разменливи или заменливи за потрошувачот, според карактеристиките на стоките, нивните цени и нивната наменска употреба*" (член 5 став (1) од Законот.

Во однос на предметната постапка, КОП утврди дека релевантен пазар на стоки е пазарот за депонирање на комунален неопасен отпад, а релевантен географски пазар е територијата на градот Битола и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален неопасен отпад.

ЈП Комуналец Битола има доминантна позиција на пазарот за депонирање на комунален неопасен отпад од територијата на градот Битола и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален неопасен отпад, бидејќи ЈП Комуналец Битола е единствено претпријатие кое стопанисува со депонијата Меглеци, како единствена депонија на наведениот географски пазар;

Депонирањето на комунален неопасен отпад собран од територијата на градот Битола и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален неопасен отпад се врши единствено во комуналната депонија Мегленци, бидејќи оваа депонија е единствената на подрачјето на релевантниот географски пазар во која може да се врши депонирање на комунален неопасен отпад.

Од податоците прибавени во текот на постапката, евидентно е дека комуналниот неопасен отпад, согласно начелото на блискост содржано во член 10 од Законот

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

за управување со отпад, мора да се депонира во место определено за депонирање, а кое е најблиску до местото на негово создавање. Во случајот на комуналниот неопасен отпад создаден на територијата на градот Битола и на сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален неопасен отпад, такво најблиско место наменето за депонирање на комунален неопасен отпад е единствено депонијата Мегленци со која стопанисува ЈП Комуналец Битола.

*1.* ***Постоење на злупотреба на доминантната позиција на пазарот за депонирање на комунален неопасен отпад од територијата на градот Битола и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален неопасен отпад,.***

Депонијата Мегленци претставува основна инфраструктура на која се врши депонирање на комунален неопасен отпад и пристапот кон истата е неопходен услов за вршење на дејноста собирање и транспорт на комунален неопасен отпад за сите претпријатија кои ја вршат оваа дејност, а во однос на комуналниот неопасен отпад собран од територијата на градот Битола и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален неопасен отпад. При тоа, субјектот кој стопанисува со таквата основна инфраструктура мора да обезбеди непречен пристап кон истата на сите претпријатија кои без таквиот пристап би биле оневозможени да ја извршуваат својата дејност, освен во случаите кога постојат оправдани причини таквиот пристап да не му се дозволи на определено претпријатие.

На 11.11.2010 година ЕКО КЛУБ и ЈП Комуналец Битола склучиле договор бр.03-535/1 за асанација на комунален неопасен отпад. Согласно наведениот договор ЕКО КЛУБ бил должен сметот да го транспортира до депонијата во село Мегленци, додека ЈП Комуналец Битола бил должен да му овозможи на ЕКО КЛУБ непречено депонирање на комуналниот отпад на депонијата во с. Мегленци и да изврши асанација на истиот, за соодветна цена утврдена во договорот. Наведениот договор бил со важност до 10.11.2011 година. На 01.11.2011 година со допис бр. 03-593/2 ЈП Комуналец Битола го известува ЕКО КЛУБ, во однос на неговото барање за продолжување на договорот бр.03-535/1 за натамошно користење на депонијата Мегленци за депонирање на комунален неопасен отпад, дека договорот нема да биде продолжен од страна на ЈП Комуналец Битола, односно нема да биде склучен нов договор во наредниот зимски период поради проблемите кои ги имал ЈП Комуналец Битола околу

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

одржувањето на самата депонија и третманот со комуналниот отпад во зимски услови.

Објаснувањето на ЈП Комуналец Битола доставено до КОП во текот на постапката дека несклучувањето на нов договор со ЕКО КЛУБ за користење на депонијата е оправдано со постоење на објективни причини и тоа - извршување на неопходни припремни работи за овозможување на нормално функционирање на депонијата и тоа изведба на припремни работи за зимскиот период, односно дека во дадениот период на депонијата се работело според четвртата фаза на депонирање на комуналниот отпад наведена во Програмата за работа на депонијата а како и заради проблеми (дефект на мотор ТГ-80) со механизацијата, КОП не го прифаќа од следните причини:

- Во програмата за работа на депонијата Мегленци (2010-2012 год.) во Четвртата фаза на депонирање на комунален отпад се предвидува депонирање на комунален отпад во екстремни случаи, односно кога временските неприлики оневозможуваат депонирање на комунален отпад на долна депонија. За таа цел е превидено депонирање на горна депонија на самото чело на северозападната страна. Во согласност со динамиката на работа, временските услови, како и несаканите проблеми кои може да произлезат од старата механизација, стручните лица на ЈП Комуналец Битола вклучени во процесот на депонирањето на комуналниот отпад може да предвидат активности за депонирање на комуналниот отпад кои ќе отстапуваат од предвидените фази на депонирање при што во никој случај нема да бидат предизвикани несакани последици на животната средина, животот и здравјето на луѓето.<u>Во наведената програма не е предвидено дека во услови кога се работи согласно наведената четврта фаза ЈП Комуналец Битола може да одбие, односно оневозможи пристап на правни субјекти да вршат депонирање на комунален неопасен отпад во депонијата; Дополнително ЈП Комуналец Битола не донел никаков дополнителен акт со кој точно би го утврдил периодот во кој ќе се врши депонирање на комунален неопасен отпад во четврта фаза и начинот на кој ќе се врши депонирањето на отпадот во овој период.</u> Дополнително ЈП Комуналец Битола достави до КОП објаснување дека истиот немал посебен режим за собирање и транспорт на комунален отпад во периодот во кој динамиката на депонирање на комуналниот отпад била намалена со оглед на тоа дека ЈП Комуналец Битола поседувал доволен број на специјални возила наменети за собирање и транспортирање на комуналиот отпад на територијата на општина Битола<u>. Ова вушност значи дека додека депонијата работела согласно горенаведената четврта фаза комуналниот неопасен отпад кој го собирал ЈП Комуналец Битола непречено редовно го депонирал на депонијата Мегленци без.</u> Дополнително од податоците кои ги достави ЈП Комуналец Битола до КОП а кои се однесуваат на дневните количини на депониран комунален неопасен отпад во депонијата Мегленци за периодот од 12.11.2011 година до 12.12.2011 година видно е дека <u>на депонијата</u>

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Мегленци депонирање на отпад редовно вршел ЈП Комуналец Битола како и трети лица (Пела хигиена, Рек Битола, Млин Стојчев, Киро Дандаро, Родон, Конигтон-Битола), а единствено на ЕКО Клуб му било одбиено депонирање на комунален неопасен отпад на депонијата Мегленци.

- Врз основа на анализа на податоците доставени од ЈП Комуналец Битола за тоа кога е вршена поправка на булдужерот ТГ-80, КОП утврди дека од доставените податоци неспорно е дека поголем дел од поправките на наведениот мотор се вршени, односно дефектите настанале откако ЈП Комуналец Битола го известил ЕКО Клуб дека нема да го продолжи договорот, односно поправките се вршени после 01.11.2011година.

На 12.12.2011 година ЈП Комуналец Битола упатил известување до ЕКО КЛУБ за склучување на нов договор за депонирање на комунален неопасен отпад. Истиот ден 12.12.2011 година е склучен нов Договор за депонирање на комунален отпад помеѓу ЕКО КЛУБ, како корисник на услугата и ЈП Комуналец Битола битола како давател на услугата, со што од овој датум повторно му е овозможено на ЕКО КЛУБ да врши депонирање на комунален неопасен отпад на депонијата Мегленци, со која стопанисува ЈП Комуналец Битола.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба КОП утврди дека ЈП Комуналец Битола како претпријатие кое согласно член 10 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата **има доминантна позиција** на пазарот на депонирање на комунален неопасен отпад од територијата на градот Битола и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален неопасен отпад, **бидејќи истото е единствено претпријатие** кое стопанисува со депонијата Мглеци, како единствена депонија на наведениот географски пазар, **во периодот од 12.11.2011 година до 12.12.2011 година сторило злоупотреба на доминантната позиција во смисла на член 11 став (2) точка 6) од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што** на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола со седиште на П.П.Његош бр. 131 Битола, како претпријатие кое врши собирање и транспорт на неопасен комунален отпад неоправдано одбил да му овозможи пристап на депонијата Мегленци за соодветен надомест иако без ваквото истовремено користење на депонијата Мегленци, ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола, неможел да дејствува како конкурент на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на градот Битола и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Битола во однос на депонирањето на комунален отпад**, што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Согласно член 59 од Законот, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение му изрекува глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од Законот;

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности..

Согласно член 64 став (3) од Законот основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот.

Дополнително при одмерувањето на висината на глобата КОП се рководи и од Насоките за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно Законот за заштита на конкуренцијата.

КОП при утврдувањто на висината на глобата, тргнува од вкупно остварените приходи кои ЈП Комуналец Битола ги остварил од давањето на услугата - депонирање на комунален неопасен отпад на депонијата во село Мегленци во 2011 година како деловна година во која е сторен прекршокот.

Вкупните приходи на ЈП Комуналец Битола во 2011 година, остварени од депонирање на комунален неопасен отпад на депонијата во село Мегленци изнесуваат XXX денари, додека вкупно остварените приходи на ЈП Комуналец Битола согласно билансот на успех во 2011 изнесуваат XXX денари.

Дополнително при одмерувањето на глобата КОП го има во предвид и тежината на прекршокот опишан погоре, како и времето на траење на прекршокот.

**Ул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр.50 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Оттука КОП утврди дека износот на глобата кој треба да се изрече на ЈП Комуналец Битола за сторен прекршок на член 59 став (1) точка 2) од Законот изнесува 120.000,оо денари што пртртставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во 2011 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

**Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**